Во врска со Вашето барање за информации од јавен карактер, Основен суд Гевгелија Ви ги доставува следните податоци:

- Во однос на првото прашање, за бараниот период од 17.03.2020 до 22.06.2020 година, во Основниот суд Гевгелија:
А)Во Кривичниот оддел, биле одржани 81 рочиште а одложени 82 рочишта;
Б)Во Граѓанскиот оддел биле одржани 36 рочишта, одложени 51 рочиште и 3 итни предмети заведени во врска со семејно насилство;
В)Во Стопанскиот оддел биле одржани 32 рочишта а одложени 63 рочишта и
Г)Во Вонпарничниот оддел бие одржани 29 рочишта, одложени 21 рочиште и 7 итни предмети заведени во врска со хоспитализации и времени мерки.

- Во однос на второто прашање за цитираниот вид на предмети, во периодот од 17.03.2020 до 22.06.2020 година, Основниот суд Гевгелија, постапувал по вкупно 62 предмети.

- Во однос на третото, четвртото и петтото прашање, Ве известуваме дека Основниот суд Гевгелија ги презеде сите безбедносни услови за непречено функционирање на работењето на судот, како и најважно здравјето на странките, вработените и на судиите, имплементирајќи ги сите пропишани безбедносни протоколи од страна на релевантните институции и пропишаните стратегии и планови за работа од Судскиот совет на РСМ.

- Во врска со шестото прашање Ве известуваме дека можеме да примаме електронски списи и документи од странките во постапката и тоа преку електронско санадаче за оние кои се регистрирани и преку официјалниот e-mail на судот.

Со почит,

Основен суд Гевгелија